СТОПАНСКА БАНКА а.д БИТОЛА

# МИСЛЕЊЕ

**на Надзорниот одбор на Банката кон Годишниот извештај за работењето на Секторот за внатрешна ревизија за 2015 година**

**Битола, 2016 година**

# МИСЛЕЊЕ

## на Надзорниот одбор на Банката кон Годишниот извештај за работењето на Секторот за внатрешна ревизија за 2015 година

Секторот за внатрешна ревизија ги спроведе своите активности во согласност со Годишниот план за работа на внатрешната ревизија на Банката за 2015 година. Планот ги опфати соодветните системи на внатрешна контрола кои се однесуваат на областите кои беа предмет на ревизија, а кои се утврдени преку оценка на оние ризици кои би можеле да влијаат на институцијата. Секторот за внатрешна ревизија изврши ревизии на работењето на организациските делови и процеси во Банката кои беа опфатени во Годишниот план.

Секторот за внатрешна ревизија на Банката, во согласност со Законот за банки, Статутот на Банката и политиката за вршење на внатрешна ревизија, поднесе Годишен извештај за своето работење за годината која завршува на 31. 12. 2015 година. Во согласност со чл. 89 од Законот за банки и чл. 69 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола на својата втора седница во 2016 година, одржана на ден 28.01.2016 година, го разгледа Годишниот извештај за работењето на Секторот за внатрешна ревизија на Банката за 2015 година.

Мислењето на Надзорниот одбор по Годишниот извештај за работата на внатрешната ревизија се базира на нивото на исполнетост на Годишниот план на внатрешната ревизија, стекнатото разумно убедување дека системите за внатрешна контрола се соодветно применети, како и на дадените препораки за подобрување на процесите во Банката и надминување на утврдените слабости.

Годишниот план на Секторот за внатрешна ревизија е исполнет. Во текот на 2015 година се спроведоа 14 редовни ревизии, со мали отстапувања од планот, при што за ревизиите извршени во последните месеци од годината, конечните извештаи се доставени на седница на НО во 2016 година.

Од планираните ревизии на Секторот за внатрешна ревизија за 2015 година не се спроведе Ревизијата на имплементација на мерките и препораките од НБРМ за контрола на активностите што ги презема Банката во согласност со Планот за усогласување со наодите и мерките пропишани од НБРМ, утврдени со Записник од извршена теренска контрола на НБРМ од 30. 7. 2015 год. Оваа ревизија, во согласност со барањето од НБРМ и планот на Секторот за внатрешна ревизија, ќе биде извршена во вториот квартал од 2016 година.

Дополнително, Секторот за внатрешна ревизија спроведе 3 вонредни ревизии за одделни деловни процеси и активности во Банката, по барање на Надзорниот и на Управниот одбор на Банката.

Известувањето по спроведените ревизии до Надзорниот одбор е навремено, со доставување на поединечни извештаи кои содржат квалитетни, сеопфатни и јасно формулирани констатации, наоди, идентификувани позначајни слабости, како и конструктивни препораки за нивно надминување. Оттука, позитивно ја оценуваме целокупната работа на Секторот за внатрешната ревизија на Банката.

Врз основа на спроведената ревизорска работа на Секторот за внатрешна ревизија во 2015 година и договорените корективни дејствија, го оценуваме системот на внатрешна контрола за покриените области, кои биле предмет на ревизија, како доволно ефективен. Одредени слабости во системот на внатрешна контрола идентификувани во текот на спроведените ревизии немаат материјално значење и истите се предмет на постојана и континуирана надградба и подобрување во согласност со дадените препораки за нивно надминување.

Имајќи го предвид горенаведеното, Надзорниот одбор на Банката е на мислење дека Годишниот извештај за работењето на Секторот за внатрешна ревизија на Стопанска банка а.д. Битола за 2015 година објективно и квалитетно го прикажува работењето на Секторот за внатрешна ревизија, со сеопфатен преглед на извршените редовни и дополнителни ревизии како и другите активности во текот на 2015 година. Во Извештајот е дадена оцена на реализацијата на поставените цели со Годишниот план за работа на внатрешната ревизија и оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола. Годишниот извештај е изработен во согласност со одредбите и барањата на законската регулатива и интерните акти на Банката.

**Битола, 29.01.2016 година**

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Претседател**

**Г. Ненад Јосифовиќ**

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 4